ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

LGBTI центар за поддршка / qendër për përkrahje / support centre

Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
Бр. 03-574/1
27.04.2018 год.
СКОПЈЕ

**До:**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Бул.ВМРО бр.3, 1000 Скопје**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30.04.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 2188 | 1 | |

Почитувани,

Со овој допис би сакале да Ве информираме дека Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија - ЛГБТИ Центарот за поддршка (МХК-ЛГБТИ) врши мониторинг на имплементацијата на Препораката CM/Rec(2010)5 на Советот на Европа и Додатокот кон Препораката кои се однесуваат на мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, согласно кои земјите членки, меѓу кои и Република Македонија, се обврзуваат да преземат мерки за нивна имплементација. Следствено на ова, во текот на 2018 година МХК-ЛГБТИ Центарот за поддршка, во соработка со организацијата ИЛГА-Европа, ќе подготви Извештај во сенка за преземените активности и мерки од страна на државните органи за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, а во однос на имплементација на Препораката и нејзиниот Додаток.

Поради горенаведеното, а согласно **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** (Службен весник на РМ бр.13/2006), од Вас како имatели на информации бараме да ни одговорите на неколку прашања и да ни доставите неколку информации кои се од јавен карактер, а би придонеле во подготовка на извештајот. Прашањата се дадени во прилог на овој допис.

Се надеваме на Ваш одговор во најскоро време, а со цел истиот да биде вклучен како дел од Извештајот во сенка кој треба да ја прикаже реалната состојба и прогресот на имплементацијата на Препораката на Совет на Европа и нејзиниот Додаток. Ве молиме бараните податоци да ни ги доставите **поштенски** во законски предвидениот рок на адресата на седиштето на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, **ул. Наум Наумовски Борче бр. 83, 1000 Скопје.**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

LGBTI центар за поддршка / qendër për përkrahje / support centre

**Барање за пристап до информации од јавен карактер**
**-Прашалник**

1. Дали се преземени соодветни мерки за борба против сите форми на „говор на омраза" против лезбејки, геј мажи, бисексуалци или трансродови лица, во согласност со член 10 од Европската конвенција за човекови права и со став 6 од Додатокот на Препораката?
   1.а.) по основ на сексуална ориентација?
   1.б.) по основ на родов идентитет?

   Ве молиме објаснете.

2. Дали се донесени и се спроведуваат законски мерки со кои се криминализира „говорот на омраза" на интернет и дали тоа ги вклучува
   2.а.) сексуалната ориентација како основ? и
   2.б.) родовиот идентитет како основ?

   Ве молиме наведете ги мерките и наведете примери за нивно спроведување.

3. Дали предвидувате активности за поттикнување на интернет провајдерите да преземат мерки против ширење на хомофобични и трансфобични материјали, закани и навреди?

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго--------------------------------------------------------------------

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

LGBTI центар за поддршка / qendër për përkrahje / support centre

Барател на информацијата: Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија - ЛГБТИ Центарот за поддршка,

Застапник / полномошник на барателот на информацијата